# 24. СНОШТИ МИНАВ МИЛО ЛИБЕ




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

## 24. СНОШТИ МИНАВ МИЛО ЛИБЕ

Сношти минав покрај вазе, мило либе,
тебе дома не најдов,
а, ај умирам, либе загинвам,
и од теб' се не делам.

2. Јас ти реков, добровечер, мило либе,
ти во мене не погледна,
а, ај, умирам либе загинвам,
и од теб' се не делам.

3. Бог да убие, твојта мајка мило либе
што не двајцата раздели,
а, ај, умирам, либе загинвам,
и од теб' се не делам.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996